

## Граве концерн
## Традиција која трае повеќе од 180 години.

**ГРАВЕ** денес работи во Австрија и во дванаесет останати земји од Југоисточна Европа. Меѓународната ориентација и високото место на осигурителниот пазар во Европа јасно покажуваат дека ГРАВЕ продолжува да гради успеси и ја шири својата работа со традиција скоро два века. Големината на овој концерн се остварува преку својата самостојност, независност, млад и образовен кадар.

GRAZER WECHSELSEITIGE VERSICHERUNG A.G. е основано во 1828 година од страна на надвојводата Јохан. Неговото мото било **„БЕЗБЕДНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА СИТЕ"**. Од осигурително друштво, кое првобитно се занимавало со осигурување од пожар, се развило во меѓународен концерн во осигурување кој денес го обединуваат повеќе области за работа: осигурување, финансиски услуги и недвижности. ГРАВЕ концернот стабилно и континуирано се развива и се класифицира како најголема осигурителна и финансиска институција во Европа.

**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. Скопје** е дел од големото ГРАВЕ семејство. Традиција, стабилност и доверба со широк поглед во иднината се основа на кои Граве гради успех на пазарот во Македонија. Најголемата предност на ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. Скопје е меѓународниот квалитет на производите и сигурната политика на вложување финансиски средства на осигуреникот. Организационата структура е заснована на традицијата, потребите и желбите на клиентите, како и барањата за успешно работење со најголемите вредности на компанијата: доверба и стабилност.

## За крај

Зошто кај GRAWE?

- Затоа што ние бевме прва осигурителна куќа која имаше храброст, знаење и умеење да дојде во Македонија
- Затоа што сме дел од големото семејство на Grazer Wechselseitige Versicherung со седиште во Грац и со традиција долга 188 години со што се вбројува во најголемите осигурителни и финансиски институции во Европа.
- Затоа што нашиот однос кон нашите осигуреници е професионален, одговорен и со многу разбирање.
- Затоа што сме меѓу водечките на пазарот за осигурување на живот во Македонија

**ГРАВЕ ОСИГУРУВАЊЕ А.Д.**
Ул. Пиринска бр. 23, 1000 Скопје, Македонија
office.skopje@grawe.at

Овластен застапник/ посредник

ГРАВЕ
осигурување ад Скопје

# ГРАВЕ ЕЛИТ 20 Плус
# ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТ

ПЛУС: осигурување за деца

Осигурување на живот во случај на смрт, доживување и настанување на една од дваесетте тешки болести.

Осигурување на ***Ваша*** страна.



# ГРАВЕ ЕЛИТ 20 Плус

- Траење на осигурување: 10 до 40 години.
- Најниска премија на осигурување: 250 евра годишно.

  Премијата се уплаќа во денари по среден курс на Народна Банка на Р.М.
- Најголема осигурана сума: 150.000 евра
- Можат да се осигураат:

  Лица со навршени 15 години до 60 години пристапна старост (со лекарски преглед во зависност од осигурената сума). Горната старосна граница по истекот на траењето на осигурување е 70 години.
- Добивка:

  Со потпишување на договор во осигурувањето на живот се остварува право на добивка. Добивката се исплаќа со целокупниот осигурен износ по истекот на траење на осигурувањето, а во случај на природна смрт, смрт како последица на несреќен случај за време на траење на осигурување или настанување на одредена тешка болест, се исплаќа до тој момент приpишаната добивка.

## ГРАВЕ дополнително осигурување од незгода

Покрај осигурувањето на живот може да се склучи и додатно осигурување од несреќа во случај на траен инвалидитет.

| НАСЛОВ НА КОМБИНАЦИЈАТА | ОСИГУРЕН ИЗНОС | БОЛНИЧКА ДНЕВНИЦА | ГОДИШНА ПРЕМИЈА |
|---|---|---|---|
| UI 1 | 9.100 | 6 | 25 |
| UI 2 | 18.125 | 12 | 50 |
| UI 3 | 27.200 | 18 | 75 |
| UI 4 | 36.250 | 24 | 100 |
| UI 5 | 22.000 | 15 | 62 |
| UI 6 | 44.000 | 30 | 123 |

Сите вредности во табелата се изразени во евра.

## ГРАВЕ дополнително осигурување за ослободување од плаќање на премија за време на работна неспособност - АУЗ

Во случај на трајна работна неспособност на осигуреникот, договарачот на осигурување е ослободен од плаќање на премија до истекот на траење на осигурување, се додека сите останати права и обврски во договорот не се сменат. АУЗ може да се вклучи до 49-та година кај осигуреникот, под услов истиот да е во постојан работен однос. Ако работната неспособност на осигуреникот трае непрекинато 42 дена или помалку, договарачот на осигурувањето нема право на надомест од ова дополнително осигурување. Годишната премија за АУЗ изнесува 5% од вкупната премија на сите видови осигурувања на полисата.

# ГРАВЕ Елит 20 Плус - осигурување на живот во случај на смрт, доживување и настанување на одредена тешка болест

**ГРАВЕ ЕЛИТ 20 Плус** е програма за осигурување на живот која нуди посебна заштита за своите осигуреници и која ги осигурува во случај на настанување на една од дваесетте тешки болести: срцев инфаркт, бајпас операција на коронарни артерии, карцином*, мозочен удар, хронично заболување на бубрезите*, трансплантација на органи*, мултипла склероза, парализа* (одземеност), слепило*, операција на аорта, замена на срцеви залистоци (валвули)*, бенигнен мозочен тумор*, кома*, хронично заболување на црниот дроб, терминална хронична опструктивна болест на белите дробови, загуба на екстремитети*, тешка траума (повреда) на главата*, тешки изгореници*, загуба на гласот и функција на говорот, глувост (загуба на слухот)*.

## Во случај на природна смрт или настанување на една од дваесетте тешки болести

На корисникот на осигурувањето му се исплаќа веднаш:

- еден осигурен износ;
- до тогаш остварената добивка.

Вкупно: 1 х осигурен износ + до тогаш остварена добивка.




## Во случај на смрт на осигуреникот како последица од несреќен случај

На корисникот на осигурувањето му се исплаќа веднаш:

- еден осигурен износ за смрт како последица од несреќен случај
- еден осигурен износ за осигурување на живот;
- до тогаш остварена добивка.




Вкупно: 2 х осигурени износи + до тогаш остварена добивка.

Напомена: добивката се припишува на еден осигурен износ.

## По истекот на траење на осигурувањето (Доживување)

На корисникот на осигурувањето му се исплаќа:

- еден осигурен износ;
- вкупно остварена добивка.




Вкупно: 1 х осигурен износ + вкупно остварена добивка.

***Осигурен износ за детето на осигуреникот** се пресметува како 25% од договорениот осигурен износ, а најмногу до 7.500 евра.

Сите надоместоци од осигурувањето можат да се претворат во исплата во вид на месечни ренти.